# ПРАВЕН ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***„Пристапот до правда е компонента на владеењето на правото составена од број на елементи што во основа значи дека поединците и заедниците со правни проблеми да знаат каде да побараат помош, да ја добијат помошта која што им е потребна, а најважно е да имаат систем кој нуди процедурална и суштинска заштита и е финансиски достапен за сите.“***

*Овој бриф е подготвен од Коалицијата "Сите за правично судење" со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој бриф не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.*

март 2021, Скопје

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# „Правен пристап до правда во основните судови во Република Северна Македонија“

Во отсуство на единствена дефиниција на терминот „пристап до правда“, општо прифатено значење на овој термин е еднаков пристап на граѓаните за остварување на нивните слободи и права загарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори. Пристапот до правда е компонента на владеењето на правото составена од голем број на елементи, вклучувајќи ги: правото на пристап до суд, правото на судење пред независен и непристрасен суд, правото на бесплатна правна помош и правото на правично и јавно судење. Правото на пристап до суд е од мошне важно значење, каде што најважната улога ја има судството при спроведување на правдата со гарантирање на процесните права на странките во постапката. Дополнително, правото на пристап до суд е тесно поврзано со структурните елементи како што се: право да се поведе постапка, право да се добие судска одлука, право на конечност на судски одлуки и право на навремено извршување на конечните пресуди. Инструментите кои државите треба да ги употребат со цел ефективно остварување на пристапот до правда, во себе вклучуваат воспоставување механизам за заштита од повреди на човековите права и слободи, зајакнување на правната свест и најважното обезбедување на правен систем кој ќе им понуди на граѓаните процедурална заштита, финансиски достапна за сите.

Во правниот систем на Република Северна Македонија, постојат повеќе правни акти со кои што се регулира правото на пристап до суд.

Член 5 став 1 од Законот на судовите ја уредува надлежноста на судовите во поглед на заштита на слободите и правата, кој гласи: „Пред судовите се заштитуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите субјекти во Република Македонија.“.[1] Од вака поставената законска формулација произлегува дека се обезбедува правна заштита на слободите и правата на граѓаните, што би значело можност на граѓаните во случај на евентуална повреда да пристапат до институции на системот, односно до судовите, со цел остварување на можноста на заштита која ја пружа државата. Членот 6 став 1 од овој Закон гласи: „Секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси“, додека пак ставот 3 од истиот член гласи: „Никому не може да му биде ограничен пристапот пред судовите во заштитата на основните права и слободи поради недостиг на материјални средства“.[2] Од вака поставените законски формулации произлегува дека еднаков пристап се гарантира и во случај на финансиски ограничувања. Дополнително, членот 8 став 1 ја предвидува надлежноста на судовите кој гласи: „Судот се повикува на судска ненадлежност само кога со закон изрично е предвидена надлежност за решавање на конкретно барање на друг државен орган“, додека ставот 2 гласи: „Судот не може да отфрли барање за остварување на определено право со образложение дека постои правна празнина и должен е да одлучува по него, со повикување на општите начела на правото, освен кога тоа изрично е забранетo со закон“.[3] Од ова произлегува дека судот може да се повика на ненадлежност само кога е точно

[1] Закон за судовите, Службен Весник на Република Македонија бр. 62/2006; 35/2008; 61/2008; 118/2008; 16/2009; 150/2010; 39/2012; 83/2018; 198/2018; 96/2019;
[2] Ibid.
[3] Ibid.

определено кој има надлежност за одлучување, пред кој орган и во која постапка, дотолку повеќе што судот не може да отфрли барање за остварување на некое право повикувајќи се на правна празнина, бидејќи на тој начин се оневозможува судската заштита која ја уживаат граѓаните при евентуална повреда и претставува можност за настанување повреда на членот 6 од Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП), кој меѓу другото се однесува и на правото на пристап до суд.

Друг закон кој што го гарантира правото на пристап до суд е Законот за кривична постапка (во понатамошниот текст: ЗКП).[4] Член 70 од ЗКП ги пропишува основните права на обвинетиот, меѓу кои и правото „да биде суден во негово присуство и да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор, а доколку нема средства да плати бранител, да добие бесплатен бранител кога тоа го бараат интересите на правдата".[5] Член 19 од ЗКП ги определува начините на започнување на кривична постапка, односно: „Кривичната постапка започнува со издавање на наредба за спроведување истражна постапка, или со првото преземено истражно дејствие пред да биде издадена наредба за спроведување истражна постапка, со определување на главната расправа по обвинителен предлог или приватна тужба, со предлог за издавање казнен налог или со предлог за определување мерка на безбедност".[6] Меѓу начините на започнување на кривична постапка е наведена и приватната тужба, со која му се дава право на оштетениот активно да учествува во кривичната постапка преку нејзино иницирање, за кривични дела кои се гонат по приватна тужба. Дополнително, инструмент со кој се овозможува пристапот до правда е предвиден и во член 74 од ЗКП, кој предвидува задолжителна одбрана во следните случаеви: (1) Ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, мора да има бранител уште при првото испитување. (2) Обвинетиот мора да има бранител ако против него е определен притвор за времето додека трае притворот. (3) По поднесениот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од десет години или потешка казна затвор, обвинетиот мора да има бранител во времето на доставувањето на обвинителниот акт. (4) Во текот на постапката за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање на вината, обвинетиот мора да има бранител. (5) Обвинетиот на кој му се суди во отсуство мора да има бранител веднаш по донесеното решение за судење во отсуство.[7]

Пристапот до суд е гарантиран и во Законот за парнична постапка (во понатамошниот текст: ЗПП). Со ЗПП се определуваат органите кои треба да дадат правна заштита и се уредува начинот на заштита и остварување на субјективните права со случаи кога тие не можат да се остварат по редовен пат.

Дополнително, Законот за бесплатна правна помош (во понатамошниот текст: БПП)[8] овозможува еднаков пристап до правдата на физичките лица од ранливи категории и

---

[4] Закон за кривична постапка, Службен Весник на Република Македонија бр. 100/2012; 142/2016; 193/2016; 198/2018;
[5] Ibid.
[6] Ibid.
[7] Ibid.
[8] Закон за бесплатна правна помош, Службен Весник на Република Македонија бр. 101/2019;

придонесува кон владеењето на правото бидејќи материјалните можности не смеат да бидат пречка за остварување на правата на граѓаните.

Во член 15 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања.[9] Уставот прокламира двостепеност во одлучувањето на судовите, како една од гаранциите за обезбедување на пристапот до правда и јакнење на законитоста во остварувањето на слободите и правата на граѓаните. Уставот го гарантира ова право без оглед на видот на органот кој ја донел одлуката во првостепена постапка, територијата на која тој ја остварува надлежноста или пак видот на спорovите што се водат пред него.

Членот 6 од ЕКЧП гарантира дека: „Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него“.  Иако самото право на „пристап до суд”, директно не се споменува во член 6 од ЕКЧП, заштитата на правото на пристап до суд произлегува од самата формулација на членот 6, како клучна одлика на концептот на владеењето на правото. Пристапот до судот е имплицитен во правото на фер судење бидејќи овој член сугерира дека споровите мора да бидат решени од страна на судовите. На пример, во случајот Голдер против Обединетото Кралство[10] пред Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП), апликантот бил затвореник кој сакал да поведе постапка за клевета против затворски службеник кој го обвинил за учество во насилство во затворот. На апликантот не му било дозволено да се консултира со адвокат, за што тврдел дека го попречува да покрене тужба во судот. ЕСЧП заклучил дека членот 6 ги утврдува достапните процедурални гаранции на странките во постапката, што би било бесмислено без пристапот до суд. Процесните гаранции утврдени со членот 6 на сите им го гарантираат правото било кое барање поврзано со нивните граѓански права и обврски да го изнесат пред суд или трибунал, на овој начин тоа е опфатено со “правото на суд“, од кое правото за иницирање на постапки пред судовите во граѓански работи претставува еден аспект. Поширокото толкување на членот 6 од ЕКЧП упатува на тоа дека на секого му е гарантирано правото на пристап до суд, со цел остварување на судска заштита, па оттука пристапноста е гарантирана како во системот на граѓанското право, така и во системот на кривичното право.

Како пример за повреда на член 6 од ЕКЧП која се однесува на пристапот до суд е и случајот Петкоски и други против Република Македонија[11] пред ЕСЧП. Имено, жалителите се жалеле по основ на членот 6 од ЕКЧП дека им бил оневозможен пристап до судот со оглед на тоа што нивното барање останало неодлучено во поглед на основаноста поради наводниот недостаток на надлежност кај домашните судови да одлучат по случајот. Постапката која се водела пред домашното судство завршила во 2002 година, откако Апелациониот суд се огласил

[9] Устав на Република Македонија, Службен Весник на Република Македонија бр. 1/1992; 1/1992; 31/1998; 31/1998; 91/2001; 91/2001; 84/2003; 84/2003; 107/2005; 107/2005; 3/2009; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 49/2011; 6/2019; 6/2019;
[10] Golder v. the United Kingdom (Application no. 4451/70), http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-57496
[11] Petkoski and Others v. the former Yugoslav Republic of Macedonia (Application no. 27736/03), http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-90418

за ненадлежен согласно тогашниот Закон за судови, по што Врховниот суд на Република Северна Македонија го отфрлил поднесеното барање за ревизија. Во конкретниот случај, ЕСЧП цени дека завршувањето на постапката од формален аспект, без притоа да се определи надлежноста на судот, преставува повреда на право на пристап до суд. Членот 6 го гарантира правото на пристап до судот, кое не само што го вклучува правото на иницирање на постапка, туку исто така и правото на одлучување на спорот од страна на судот. Како што е утврдено во праксата на Судот, „би било илузорно доколку домашните правни системи на државите договорнички му дозволуваат на поединецот да иницира граѓанска постапка пред судот без да гарантира дека тој случај ќе биде решен со конечна одлука во судската постапка. Би било незамисливо членот 6 став 1 да ги опишува во детали процесните гаранции дадени на парничарите, во постапки кои се фер, јавни и експедитивни, без гаранција за конечно одлучување за странките по нивните граѓански спорови.[12]

Согласно член 6 од ЕКЧП, судот мора секогаш да биде „воспоставен со закон“, кој израз го одразува начелото за владеење на правото. Всушност, некој орган што не е воспоставен во согласност со законодавството, во едно демократско општество би бил лишен од потребната легитимност за разгледување индивидуални жалби. Под овој термин се опфатени одредби за основањето и надлежностите на судските органи, како и други одредби од националното законодавство што треба да бидат почитувани при определувањето на надлежноста на судовите. Целта на изразот „воспоставен со закон“ во член 6 е „да осигури дека организацијата на судството во едно демократско општество не зависи од дискреционите права на извршната власт, туку се уредува со закон што произлегува од Парламентот“.[13] Еден од примерите кога ЕСЧП утврдил дека засегнатиот орган не бил „суд воспоставен со закон“ е случајот Лавентс против Латвија.[14] Во овој случај, апликантот поднел жалба до ЕСЧП во која тврдел дека се повредени членовите 5, 6 и 8 од ЕКЧП. Тој се жалел во однос на претседателот на советот и двајца други судии, обвинувајќи ги за пристрасност и прикривање докази за ослободување. Судот сметал дека правото на апликантот на судење пред независен и непристрасен суд утврден со закон е повредено бидејќи составот на Регионалниот суд не бил конституиран во согласност со законот, а изјавите на главниот судија за медиумите изнесувале дефинитивна позиција во однос на исходот и изразено претпочитање на пресуда за вина која не е компатибилна со членот 6 и предизвикала апликантот да се плаши дека судијата за кој станува збор има недостаток на непристрасност.

Правото на пристап до суд не е апсолутно и од страна на државите може да бидат наметнати определени ограничувања (на пример: процедуралните правила во врска со допуштеноста на жалба). Иако правото на пристап по својата природа бара да биде регулирано од државата, кое регулирање зависи од потребата на заедницата и поединците, не значи дека државите ова право може да го намалат во толкав обем што би се засегнала суштината на правото.

[12] Multiplex v. Croatia (Application no. 58112/00), § 44 and 45, http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-61204
[13] За повеќе види: Richert v. Poland (Application no. 54809/07), § 42, http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-107165 и Oleksandr Volkov v Ukraine (Application no. 21722/11), http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-115871
[14] Lavents v. Latvia (Application No. 58442/00), http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-65362

Правото на пристап до суд го опфаќа начелото на владеење на правото кое е изградено во едно демократско општество. Системот на граѓанското право во себе го има инкорпорирано правото на пристап до суд преку обезбедување на правна заштита на субјективните права кои произлегуваат од различни граѓанско-правни односи, која заштита на барање на носителот на субјективното право се остварува во постапките пред судовите, уредени со посебни процесни правила. Системот на кривичното право во себе го има инкорпорирано правото на пристап до суд каде што обвинетиот има право да биде суден за обвинението покренато против него, почитувајќи ги посебните гаранции за лицата обвинети за сторување на кривичното дело како што се пресумпцијата на невиност и минималните права на одбраната. Иако системите се различни по себе, сепак суштината за пристап до суд е иста, а тоа е покренување на судски постапки, право на заштита на правата на странките во постапките и на крај, право спорот да биде разрешен од страна на судот. Правото на пристап до суд претпоставува дека поединците и заедниците со правни проблеми знаат каде да побараат помош и да ја добијат помошта која им е потребна. Нема пристап до правда кога граѓаните (особено маргинализираните групи) се плашат од правниот систем, го гледаат како туѓ и не пристапуваат до него; кога правниот систем е финансиски недостапен; кога поединци немаат бранители; или кога немаат информации или не си ги познаваат правата. Пристапот до правда вклучува нормативна правна заштита, правна свест, бесплатна правна помош и надзор на граѓанското општество. Имањето на целосен пристап до правдата резултира со позитивна врска помеѓу граѓаните и правосудниот систем, одразено со почитување на владеењето на правото и доверба во правосудниот систем.